Врз основа на член 172 и 176 од Законот за високото образование (Службен весник на Р.Македонија бр. 82/18) и член 17 од Правилникот за критериумите, условите, правилата и постапката за избор во наставни, наставно-стручни звања и демонстратори на БАС, Наставничкиот совет на БАС распишува

# КОНКУРС
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ

Се распишува Конкурс за избор на еден наставник во сите наставни звања за наставната област 1. Менаџмент на човечки ресурси

Област која припаѓа во научно подрачје 5. Општестевни науки, во научно-истражувачко поле 506. Организациони науки и управување (менаџмент), согласно Класификацијата на научно-истражувачките продрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација.

Освен општите услови предвидени во ЗВО, кандидатот треба да ги исполнува и условите за избор во наставно звање предвидени во Правилник за критериумите, условите, правилата и постапката за избор во наставни, наставно - стручни звања и демонстратори на БАС:

- Има завршено втор циклус на академски студии;
- Има стекнато назив магистер од соодветната област;
- Покажува способност за наставна и високостручна работа. Способноста за наставна и високо стручна работа се проверува во посебна хабилитациона постапка за проверка на способноста за наставна и високостручна работа која ја организира БАС утврдена во член 20 од Правилник за критериумите, условите, правилата и постапката за избор во наставни, наставно - стручни звања и демонстратори на БАС;
- Има објавено стручни трудови во соодветната област;
- Има остварено просечен успех од најмалку 8.00 (осум) на студиите на прв и втор циклус на студии за секој циклус посебно;
- Има повеќегодишно успешно искуство во работите од својата струка.

Кандидатот кој ќе биде избран ќе работи со полно работно време од понеделник до петок. Распоредот на работното време се утврдува со распоредот на настава. Во зависност од звањето во кое ќе биде избран кандидатот ќе зависи и износот на платата на избраниот кандидат. Изборот ќе се изврши во рок од најмногу 6 месеци од денот на објавување на конкурсот.

Кандидатите потребно е да поднесат: пријава, биографија, мотивационо писмо, доказ за завршено соодветно образование, уверение за државјанство, список на објавени стручни и научни трудови, по еден примерок од трудовите, како и други документи значајни за изборот. Документите може да се достават по e-mail на natasa.kocevska@bas.edu.mk, по пошта или лично во БАС, на бул. Јане Сандански бр.111/2-1, 1000 Скопје. Лице за контакт: MBA, Наташа Коцевска, natasa.kocevska@bas.edu.mk, 02/2455-754.

**Конкурсот трае до 06 октомври 2023 година.**